ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

**БРОЈ 23 ГОДИНА 32 ДАТА 11.06.2014 ГОДИНА**

## *СОДРЖИНА*

***- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОФС***

***- ОДЛУКИ ОД ОРГАНИТЕ НА ФФМ***



## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИЧЕВО

**Седница од 06.06.2014 година**

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери од ОФС Кичево фудбалерот Стефаноски З. Владимир, поради преминување во друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 10.06.2014 година**

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери од Скопје фудбалерот Јусуф Р. Имерџан од ФК "Шкупи" од Скопје, поради преминување во друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 06.06.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ОГРАЖДЕН" с. Иловица: Стоилов С. Симе и Димов В. Петар од ФК "Ограждeн" од с. Иловица, по член 35/2.
Гогов Т. Ристов, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ РЕСЕН

**Седница од 03.06.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ТОТАЛ ФУДБАЛ" Ресен: Крстановски Н. Петар, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

**Седница од 04.06.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МЕРГИМТАРИ" с. Стримница: Хамзи Б. Леутрим, Абди И. Лавдрим, Адеми Д. Амир, Исејни Е. Замир, Меваили Ј. Мухамер, Зибери Ј. Зибер, Јусуфи Н. Елфат, Рустеми Б. Валмир, Алили Б. Омер и Идризи Валон, по член 35/1.

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Тетово, фудбалерот Зенуни А. Веби од ФК "Дрита АД" од с. Боговиње, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**Седница од 10.06.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ШКЕНДИЈА АД" Тетово: Митров С. Иван од ФК "Брегалница 2008 АД" од Штип и Бериша М. Седат од ФК "Металург АД" од Скопје, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 09.06.2014 година**

*** Раскин на професионален договор:**

ФК "Брегалница 2008 АД" од Штип и фудбалерот Наумов Ј. Ристе, го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

*** Бришење од регистгер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери од ОФС Штип фудбалерот Наумов Ј. Ристе од ФК "Брегалницца 2008 АД" Штип, поради премин во друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Седница од 05.06.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "КАРАОРМАН" Струга: Кочоски Б. Илија, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 06.06.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МИЛАНО" Куманово: Сулејмани А. Енис, Мрсели М. Вулнет, Зимери И. Чљирим, Аљиљи З. Фазли, Мрсели А. Мустафа, Амети С. Азис, Бериша С. Меритон, Сулејманми А. Беким и Хасани Р. Ердин, по член 35/1.

ФК "БАШКИМИ 1947" Куманово: Адеми А. Фатон, по член 35/1.

*** Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Куманово, фудбалерот Фазлиу И. Буњамин од ФК "Башкими 1947" од Куманово и Стојковски С. Давид од ФК "Куманово Еуроспорт" од Куманово, поради преминување со регистрција на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "ГАЗИ БАБА" СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 10.06.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МЕТАЛУРГ АД" Скопје: Лескароски Љ. Дејан од ФК "Пелистер АД" Битола, чл. 35/10.
Ѓошески В. Кристијан од ФК "Мацари Солидарност92" Скопје, 35/3.

*** Склучување на професионален договор:**

ФК "Работнички АД" Скопје и фудбалерот Зајков Б. Ѓоко, склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 4 (четири) години, до Летен преоден рок 2018 година.

*** Склучување на стипендиски договори:**

ФК "Металург АД" Скопје и фудбалерот Стојчевски Ј. Филип, склучија договор за стипендирање, во времетраење од 2 (две) години до ЛПР 2016 година.

ФК "Металург АД" Скопје и фудбалерот Јакимовски Б. Михајло, склучија договор за стипендирање во времетраење од 2 (две) години до ЛПР 2016 година.

ФК "МЕТЛАУРГ АД" Скопје и фудбалерот Стојковски И. Виктор склучија договор за стипендирање во времетраење од 2 (две) години до ЛПР 2016 година.

*** Понуди за склучување професионални договори:**

ФК "Металург АД" Скопје, преку ПТТ препорачани пратки им понуди потпишување на договори за професионално занимавање со фудбал на фудбалерите: Дигаловски Дарко и Георгиев Бобан.

ФК "Работнички АД" Скопје, преку ПТТ препорачана пратка му понуди потпишување на договор за професионално занимавање со фудбал на фудбалерот Марковски Кире.

*** Раскин на професионален договор:**

ФК "Металург АД" Скопје и фудбалерот Митревски С. Ристо го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

*** Бришерње од регистер**:

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС "Гази Баба" Скопје фудбалерот Митревски С. Ристо и Бериша Седат од ФК "Метлаург АД" Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

Врз основа на член 43 став 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 22.03.2014 година Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**1.** Се врши измена на став 1 и став 3 од член 3 на Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија.

**2.** Новиот став 1 од член 3 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, гласи:

„Знамето на ФФМ е во нијансирана жолта боја, со димензија од 100 x 200 см, во средината се наоѓа фудбалска топка со димензии од 68 см, под топката стојат иницијалите на ФФМ со димензии од 15 x 49 см. со кирилична поддршка и зборовите „Обединети од радоста што ја носи фудбалот"со димензии од 4 x 63см.

**3.** Новиот став 3 од член 3 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, гласи:

„Амблемот на ФФМ е во облик на штит во црвена боја со форма на стилизизирано срце. Позадината на штитот е во бела боја. Во центарот на штитот се наоѓа фудбалска топка во бела боја со црвени линии околу која има стилизирани и динамично поврзани осум жолто-портокалови сончеви зраци. Во горниот дел од штитот стојат иницијалите на Фудбалската федерација на Македонија – ФФМ во кирилична подршка. Називот ФФМ е поставен на основа која е претставена со линија во сина боја. На десната и левата страна од сината линија на самиот штит се наоѓаат бели линии кои го отвараат штитот врз кои има жолти одблесоци од сончевите зраци."

**4.** Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

деловоден број 01-823/1-12

**5**. Одлуката да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## **Образложение**

Собранието на Фудбалската федерација на Македонија на седницата одржана на 22.03.2014. година го поддржа предлогот за ребрендирање на ФФМ направен со поддршка на тимот за дизајн на УЕФА и изгласа нов изглед на амблемот и знамето на ФФМ опишан во член 3 став 1 и 3од Статутот на ФФМ.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

деловоден број 01-823/1-12

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 05.06.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**1.** Се врши измена и дополнување на следните одредби на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ :

а) **Член 2**

се додава нов став 3 кој гласи:

„Во рамките на овој Правилник зборот фудбалер се однесува на двата рода (машки и женски)."

б) **Член 3**

се менува и гласи:

„Фудбалските клубови се индиректни членки на ФФМ.

Нивното членство во определен ОФС се базира на географски критериум во согласност со нивното правно седиште.

Молбата за прием во членство на ФФМ се поднесува до надлежниот ОФС.

Со молбата се приложува:

1. Изјава дека ќе се придржува на одредбите на статутот на ФФМ, статутот на ОФС како и одредбите на општите акти на ФФМ.
2. Изјава за имплементирана задолжителна одредба/клаузула во Статутот на клубот /изјавата/актот на основање, дека клубот при вршење на дејноста спорт формира екипи исклучиво од фудбалскиот спорт.
3. Решение за упис во Централен регистар на РМ / трговски регистар или регистар на здруженија/
4. Записник од основачко собрание со список на членови на собранието, орган на управување , доколку е применливо.
5. Заверена копија на Статутот на клубот( усогласен со одредбите на статутот на ФФМ) – доставена до Централниот регистар на РМ / изјава или акт на основање/ во зависност од регистарот каде што е направен уписот
6. Податоци за овластен застапник и жиро сметка на правниот субјект.
7. Список и документација за регистрација на најмалку 25(дваесетипет) фудбалери.
8. Доказ за обезбеден терен - сопствен или со договор за користење.
9. Доказ за обезбедени клубски простории- седиште / сопствени / со договор за користење/ на адреса која соодветствува со пријавената во Централен регистар.
10. Такса за регистрација на клубот.

Надлежниот орган за регистрација нема да пристапи кон регистрирање на клубот/ прием во членство/ доколку не се обезбедени сите докази на начин на кој се наведени во претходниот став.

Надлежниот орган за регистрација нема да пристапи кон регистрирање на клуб кој во називот не ги содржи зборовите „Фудбалски клуб" како и доколку на територијата на општинскиот фудбалски сојуз каде клубот доставил молба за прием во членство е веќе регистриран клуб со исто име."

в) **Член 4**

Се менува и гласи:

„При регистрација на клубови во мал фудбал(футсал) клубот мора да достави список и документација за регистрација на најмалку 12(дванаесет) фудбалери

При регистрација на клубови во женски фудбал клубот мора да достави список и документација за регистрација на најмалку 20(дваесет) фудбалери.

При регистрација на клубови во детски фудбал клубот мора да достави список и документација за регистрација на најмалку 25(дваесет и пет) фудбалери."

г) **Член 5**

Се менува став 3,

По зборот „вклучи" во првиот ред се додаваат зборовите:„или не учествува"

д) **Член 5а**

Се менува став 2,

По зборовите во третиот ред „Закон за спорт" се става точка.

Се додава нов став 3 кој гласи:

„ Вака основаното акционерско друштво го презема називот на спортскиот клуб-здружение".

ѓ) Се додава **нов член 5в** кој гласи:

„Клубот е должен сите измени и дополнувања на статутот да ги приложи на надлежниот ОФС на одобрување а доколку е член на Првата односно Втората лига и на Комисијата за лиценцирање на ФФМ.

Клуб може да го промени своето име најдоцна 30 (триесет) дена пред почеток на натпреварувачката сезона, односно пролетниот дел од првенството, по претходно добиено одобрение во пропишана постапка од надлежен орган и тоа:

- за клубови од Прва и Втора МФЛ од Комисија за лиценцирање на ФФМ
- за клубови од Трета и Општинска лига од Комисија за регистрација на соодветниот ОФС.

Клуб може да го промени седиштето на територија на ОФС во секое време и за тоа да го извести надлежниот орган и ја спроведе промената на седиштето во Централен регистар.

Клуб може да го промени седиштето на територија на друг ОФС најдоцна 30 (триесет) дена пред почеток на натпреварувачката сезона односно пред добивање на лиценца за натпреварување во Прва /Втора МФЛ доколку за тоа постојат посебно оправдани причини за кои цени надлежен орган во определена постапка и тоа:

- за клубови од Прва и Втора МФЛ -Комисија за лиценцирање на ФФМ

- за клубови од Трета и Општинска лига - Комисија за регистрација на соодветниот ОФС.

По добиено одобрение за промена на седиште на територија на друг ОФС , клубот:

1. доставува барање до предметниот ОФС за испишување од членство.
2. ја следи постапката за прием во членство опишана во член 3 на овој Правилник на територијата на ОФС каде што е пријавено новото седиште со исклучок на став 4 точка 7,
3. за фудбалерите членови на клубот при промена на територија на ОФС, по исклучок, ОФС кое го спроведува испишувањето од членство на клубот им издава брисовница на фудбалерите без притоа фудбалерот да биде испишан од клубот.
4. при прием во членство и регистрирање на клубот во новиот ОФС, по исклучок, сите негови фудбалери се пререгистрираат со право на настап кој претходно го стекнале.

Пререгистрирањето на фудбалерите од точка 4 на претходниот став се врши во преоден рок и не значи дека овие фудбалери не подлежат на редовна пререгистрација.

Не е дозволена промена на седиште на клуб учесник во натпреварувањето во Трета лига, кој во сезоната која следи, стекнал спортски резултат да се натпреварува во одредена Трета лига а промената на седиштето значи и промена на регионот во кој се натпреварува.

На клуб кој согласно овој Правилник менува седиште и при тоа менува ОФС, а за сезоната која следи се стекнал со спортски резултат за натпреварување во Трета лига, односно аплицирал за добивање на лиценца за натпреварување во Прва/Втора МФЛ, му се признава континуитетот во натпреварувањето.

На клуб кој сменил седиште а притоа сменил и ОФС не му се дозволува повторна промена на седиште во друг ОФС во следните 5 години.

Клуб кој сменил седиште а притоа сменил и ОФС не може да учествува во постапката за лиценцирање на клубови за учество во УЕФА натпреварувања во следните 3 години.

Било која промена наведена во овој член задолжително се објавува во службеното гласило на ФФМ "Макфудбал" (во понатамошниот текст: "Макфудбал")."

е) **Член 18**

Се менува став 1 и се додава нова алинеа 6 која гласи:

„на барање на клубот согласно член 5в став 5 алинеа 3 од овој Правилник"

ж) **Член 40**

Се додава нов став 7 кој гласи:

„Со цел евидентирање на регистрирани фудбалери за клуб кој го сменил седиштето на територија на друг ОФС, надлежниот ОФС по барање на клубот од член 5в став 5 алинеа 4 од овој Правилник врши пререгистрација на сите фудбалери на клубот со право на настап кој претходно е стекнат."

з) **Член 37**

Став 1 се менува и гласи:

„ Фудбалер со професионален статус, за време на преоден рок, може да биде отстапен на друг клуб кој согласно одредбите на овој правилник може да регистрира таков фудбалер."

Став 3 се брише.

и) **Член 60**

Став 1 се менува,

По зборовите „претставници на клубот и ОФС" се става точка, остатокот од ставот се брише.

Се додава **нов став 2** кој гласи:

„Договорите се верификуваат од страна на надлежно тело за верификација кое задолжително ги објавува во „Макфудбал", со денот на објава договорот произведува правно дејство."

Се додава **нов став 3** кој гласи:

„Договорот за професионално бавење со фудбал се објавува по извршената верификација и приложен соодветен документ од кој е видливо дека работниот однос е заснован."

Се додава **нов став 4** кој гласи:

„Договорите склучени спротивно на одредбите на овој член ќе се смета дека воопшто не се склучени и истите не произведуваат права и обврски за договорните страни во фудбалската организација."

ј) **Член 62**

Став 4 се брише.

к) **Член 80**

Став 6 станува став 1

Став 7 станува став 2

Ставовите од 1, 2, 3, 4, 5 стануваат последователно, ставови 3,4,5,6 и 7

Вака уреден, **се менува став 3** и зборовите во третиот и четвртиот ред „најдоцна до последниот работен ден во тековната недела " се менуваат и гласат„ најдоцна до вторник во тековната недела".

л) **Член 81**

Се менува став 2 и гласи:

„Редовниот број на „Макфудбал" излегува секоја среда а вонреден број по потреба".

**2.** Одлуката стапува на сила веднаш по усвојување на седницата на Управниот одбор на ФФМ

**3.** Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 05.06.2014 година го разгледа заклучокот на Комисијата за лиценцирање на ФФМ во поглед на потешкотиите во конзистентноста на исполнетоста на спортските и потешкотиите кои во постапката за лиценцирање се јавуваат околу определени нејаснотии поврзани со исполнување на правните критериуми за добивање на лиценца за натпреварување на клубовите во Прва МФЛ. Од тие причини како и поради усогласување на правилата за отстапување, со ФИФА Правилникот за статус и трансфер на фудбалери, Управниот одбор на ФФМ донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Управен одбор на ФФМ

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 05.06.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за постапување при верификација и објава на регистрации на фудбалери со Професионален договор

**1.** Се задолжува Телото за верификација на ФФМ при верификација на регистрации на фудбалери со Професионален договор да се придржува кон следните правила:

1/1. Пред верификација на Професионалниот договор да изврши увид во документацијата за пријавување на фудбалерот во Агенција за вработување ( М1М2).
1/2. Доколку ОФС/клубот/ не доставил во прилог на Професионалниот договор документација од која може да се утврди дека фудбалерот заснивал работен однос(М1М2), Професионалниот договор на фудбалерот нема да се објави се до доставување на споменатата документација.

**2.** Исклучок од правилото од точка 1/2 е регистрација и верификација на професионални договори на фудбалери странци.

2/1. Клубот кој има намера да ангажира фудбалер-странец, за намерата го известува ТМС менаџерот на ФФМ кој по службена должност го упатува клубот за спроведување на одлуката на УО за регистрирање на странски фудбалери бр. бр0202-318/1-5/7-2 од 18.02.2014 година.

2/2 Клубот по добивање на ITC ( трансфер сертификат) со останатата документација поднесува и документ заверен од Агенција за вработување со кој треба да докаже дека ја отпочнал постапката за вработување.

2/2. По регулирање на престојот и добивање на работната дозвола, во примерен рок клубот ги доставува бараните формулари за завршена постапка за вработување до Комисијата за регистрации на ОФС и Телото за верификација на ФФМ.

2/3. Доколку клубот во рок од 6(шест) месеци по своја вина, не ја завршил постапката, фудбалерот има право да поднесе барање за раскин на Професионалниот договор.

2/4. За времетраење на постапката за вработување на фудбалер-странец, клубот и фудбалерот потпишуваат на почетокот, но не подоцна од 15-ти во

месецот изјава заверена на нотар дека обврските по професионалниот договор за изминатиот месец се исполнети во целост од страна на клубот и дека фудбалерот нема побарувања од страна на клубот.

3. Одлуката стапува на сила веднаш по усвојување на седницата на Управниот одбор

4. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 05.06.2014 година поради направени измени во Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери во делот на објава на професионални договори а со цел да се пропише постапка за спроведување на таа одредба донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Младинската комисија на ФФМ во состав: Дервиши Ајетали-претседавач,Јовановиќ Зоран –член ,Наумоски Тони– член, Боневски Дејан-член, врз основа на член 15 од Правилникот за организација на ФФМ, член 32 од Пропозициите за натпреварување во млади категории а во врска со член 56 став 5 и член 60 од Правилникот за натпревари на ФФМ , на седницата одржана на ден 23.05.2014 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Младинската екипа на ФК Башкими од Куманово се диквалификува од понатамошно натпреварување во Првата младинска фудбалска лига.
2. Сите одиграни натпревари на младинската екипа на ФК Башкими од есенскиот дел на првенството се признаваат со постигнатиот резултат.
3. Сите натпревари од пролетниот дел на првенството кои младинската екипа на ФК Башкими треба да ги игра по утврдениот распоред се регистрираат со службен резултат 3-0 за противничките екипи.
4. Одлуката да се објави во службеното гласило на ФФМ - Макфудбал

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Младинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на 23.05.2014 година ги разгледа пристигнатите матерјали во врска со 17-то коло и 18-тото коло на Првата младинска лига.

Комисијата при регистрирање на одиграните натпревари од 18 коло констатира дека натпреварот Башкими- Дрита не е одигран поради необезбедување терен-алтернативен терен за одигрување првенствен натпревар од страна на Ф.К.Башкими. Имајќи ги во предвид претходно регистрираните натпревари на ФК Башкими, заклучи дека ФК Башкими-Куманово неоправадано неодиграл повеќе од 2(два) натпревара во досегашниот тек на првенството. Од тие причини а врз основ на член 56 став 5 и член 60 од Правилникот за натпревари донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот

на оваа одлука со уплата на такса во висина од 12000,00 денари за правно лице на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.

Младинска комисија
Претседател,
Дервиши Ајетали

доставено до:
- ФК Башкими
- макфудбал
- архива на ФФМ

Младинската комисија на ФФМ во состав: Дервиши Ајетали-претседавач,Јовановиќ Зоран –член ,Наумоски Тони– член, Боневски Дејан-член, врз основа на член 15 од Правилникот за организација на ФФМ, член 32 од Пропозициите за натпреварување во млади категории а во врска со член 56 став 5 и член 60 од Правилникот за натпревари на ФФМ , на седницата одржана на ден 23.05.2014 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Кадетската екипа на ФК Башкими од Куманово се диквалификува од понатамошно натпреварување во Првата кадетска фудбалска лига.
2. Сите одиграни натпревари на кадетската екипа на ФК Башкими од есенскиот дел на првенството се признаваат со постигнатиот резултат.
3. Сите натпревари од пролетниот дел на првенството кои кадетската екипа на ФК Башкими треба да ги игра по утврдениот распоред се регистрираат со службен резултат 3-0 за противничките екипи.
4. Одлуката да се објави во службеното гласило на ФФМ - Макфудбал

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Младинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на 23.05.2014 година ги разгледа пристигнатите матерјали во врска со 17-то коло и 18-тото коло на Првата кадетска лига.

Комисијата при регистрирање на одиграните натпревари од 18 коло констатира дека натпреварот Башкими- Дрита не е одигран поради необезбедување терен-алтернативен терен за одигрување првенствен натпревар од страна на Ф.К.Башкими. Имајќи ги во предвид претходно регистрираните натпревари на ФК Башкими, заклучи дека ФК Башкими-Куманово неоправадано неодиграл повеќе од 2(два) натпревара во досегашниот тек на првенството. Од тие причини а врз основ на член 56 став 5 и член 60 од Правилникот за натпревари донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот

на оваа одлука со уплата на такса во висина од 12000,00 денари за правно лице на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.

Младинска комисија
Претседател,
Дервиши Ајетали

доставено до:
- ФК Башкими
- макфудбал
- архива на ФФМ

Младинска комисија на ФФМ

Младинската комисија на ФФМ во состав: Дервиши Ајетали-претседавач,Јовановиќ Зоран –член ,Наумоски Тони– член, Боневски Дејан-член, врз основа на член 15 од Правилникот за организација на ФФМ, член 32 од Пропозициите за натпреварување во млади категории а во врска со член 56 став 5 и член 60 од Правилникот за натпревари на ФФМ , на седницата одржана на ден 23.05.2014 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Помлада пионерска екипа на ФК Башкими од Куманово се диквалификува од понатамошно натпреварување во Помлада пионерска Лига Исток.
2. Сите одиграни натпревари на помлада пионерска екипа на ФК Башкими од есенскиот дел на првенството се признаваат со постигнатиот резултат.
3. Сите натпревари од пролетниот дел на првенството кои помлада пионерска екипа на ФК Башкими треба да ги игра по утврдениот распоред се регистрираат со службен резултат 3-0 за противничките екипи.
4. Одлуката да се објави во службеното гласило на ФФМ - Макфудбал

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Младинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на 23.05.2014 година ги разгледа пристигнатите матерјали во врска со 12-то коло и 16-тото коло на Помлада пионерска Лига Исток .

Комисијата при регистрирање на одиграните натпревари од 16 коло констатира дека натпреварот Победа Јуниор- Башкими не е одигран поради неоправдано недопатување на екипата на Башкими за одигрување на првенствениот натпревар. Имајќи ги во предвид претходно регистрираните натпревари на ФК Башкими, заклучи дека ФК Башкими- Куманово неоправадано неодиграл повеќе од 2(два) натпревара во досегашниот тек на првенството. Од тие причини а врз основ на член 56 став 5 и член 60 од Правилникот за натпревари донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот

на оваа одлука со уплата на такса во висина од 12000,00 денари за правно лице на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.

Младинска комисија
Претседател,
Дервиши Ајетали

доставено до:
- ФК Башкими
- макфудбал
- архива на ФФМ

Младинска комисија на ФФМ

Младинската комисија на ФФМ во состав: Дервиши Ајетали-претседавач,Јовановиќ Зоран –член ,Наумоски Тони– член, Боневски Дејан-член, врз основа на член 15 од Правилникот за организација на ФФМ, член 32 од Пропозициите за натпреварување во млади категории а во врска со член 56 став 5 и член 60 од Правилникот за натпревари на ФФМ , на седницата одржана на ден 23.05.2014 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Пионерската екипа на ФК Башкими од Куманово се диквалификува од понатамошно натпреварување во Пионерска Лига Исток.
2. Сите одиграни натпревари на пионерската екипа на ФК Башкими од есенскиот дел на првенството се признаваат со постигнатиот резултат.
3. Сите натпревари од пролетниот дел на првенството кои пионерската екипа на ФК Башкими треба да ги игра по утврдениот распоред се регистрираат со службен резултат 3-0 за противничките екипи.
4. Одлуката да се објави во службеното гласило на ФФМ - Макфудбал

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Младинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на 23.05.2014 година ги разгледа пристигнатите матерјали во врска со 12-то коло и 16-тото коло на Пионерска Лига Исток .

Комисијата при регистрирање на одиграните натпревари од 16 коло констатира дека натпреварот Победа Јуниор- Башкими не е одигран поради неоправдано недопатување на екипата на Башкими за одигрување на првенствениот натпревар. Имајќи ги во предвид претходно регистрираните натпревари на ФК Башкими, заклучи дека ФК Башкими- Куманово неоправадано неодиграл повеќе од 2(два) натпревара во досегашниот тек на првенството. Од тие причини а врз основ на член 56 став 5 и член 60 од Правилникот за натпревари донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот

на оваа одлука со уплата на такса во висина од 12000,00 денари за правно лице на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.

Младинска комисија
Претседател,
Дервиши Ајетали

доставено до:
- ФК Башкими
- макфудбал
- архива на ФФМ

**ФудбалскаФедерација на Македонија**
**Број:03-16/ Младинци.Л.Исток.**
**Скопје: 23.05.2014**

Врз основа на член 59 став 1 точка 1 и 2 од Дисциплински правилник на ФФМ, постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ на седницата одржана на ден 23.05.2014 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Младинската екипа на Ф.К.Башкими 1947**, се казнува со казна од 200 ЕУ (во денарска против вредност на денот на уплатата) и одземање 3 бода од сезоната 2014/2015.
2 Казната тече од 23.05.2014 година.
3 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на Дисциплинскиот правилник го казнува Младинската екипа на Ф.К.Башкими 1947 поради не одигрување на повеќе од два првенствени натпревари.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА**:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 3000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К.Башкими
-Макфудбал
-Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Бесими Блерим с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

**ФудбалскаФедерација на Македонија**
**Број:03-16/ Кадети.Л.Исток.**
**Скопје: 23.05.2014**

Врз основа на член 59 став 1 точка 1 и 2 од Дисциплински правилник на ФФМ, постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ на седницата одржана на ден 23.05.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 **Кадетската екипа на Ф.К.Башкими 1947**, се казнува со казна од 200 ЕУ (во денарска против вредност на денот на уплатата) и одземање 3 бода од сезоната 2014/2015.
2 Казната тече од 23.05.2014 година.
3 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на Дисциплинскиот правилник го казнува Кадетската екипа на Ф.К.Башкими 1947 поради не одигрување на повеќе од два првенствени натпревари.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА**:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 3000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К.Башкими
-Макфудбал
-Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Бесими Блерим с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

**ФудбалскаФедерација на Македонија**
**Број:03-16/ Пионери.Л.Исток.**
**Скопје: 23.05.2014**

Врз основа на член 59 став 1 точка 1 и 2 од Дисциплински правилник на ФФМ, постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ на седницата одржана на ден 23.05.2014 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Пионерската екипа на Ф.К.Башкими 1947**, се казнува со казна од 200 ЕУ (во денарска против вредност на денот на уплатата) и одземање 3 бода од сезоната 2014/2015.
2 Казната тече од 23.05.2014 година.
3 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на Дисциплинскиот правилник го казнува Пионерската екипа на Ф.К.Башкими 1947 поради не одигрување на повеќе од два првенствени натпревари.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА**:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 3000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К.Башкими
-Макфудбал
-Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Бесими Блерим с.р.

**ФудбалскаФедерација на Македонија**
**Број:03-16/ Помлади.Пионери.Л.Исток.**
**Скопје: 23.05.2014**

Врз основа на член 59 став 1 точка 1 и 2 од Дисциплински правилник на ФФМ, постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ на седницата одржана на ден 23.05.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 **Помлада пионерска екипа на Ф.К.Башкими 1947**, се казнува со казна од 200 ЕУ (во денарска против вредност на денот на уплатата) и одземање 3 бода од сезоната 2014/2015.
2 Казната тече од 23.05.2014 година.
3 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на Дисциплинскиот правилник го казнува Помлада пионерска екипа на Ф.К.Башкими 1947 поради не одигрување на повеќе од два првенствени натпревари.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА**:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 3000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К.Башкими
-Макфудбал
-Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Бесими Блерим с.р.

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03-19/-1/3**
**Скопје: 05.06.2014**

Врз основа на член 83 од Дициплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата и одлуката бр 03-19/1 на комисијата за женски фудбал на ФФМ против Г-дин Рочи Илир -претставник на ЖФК Ас Јунајтед – Струга на седницата одржана на ден 05.06.2014 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Рочи Илир претставник на ЖФК Ас Јунјатед – Струга се казнува со забрана на вршење на функција во периодот од 1 година.**
2 **Казната тече од 27.04.2014 година.**
3 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата и одлуката на Комисијата за женски фудбал на ФФМ бр. 03-19/1 и врз основа на изјавите на службените лица и поведената дисциплинска постапка бр.03-19/1 против ЖФК Ас Јунајтед од Струга – заради неправилен настап на фудбалерка – без фудбалска легитимација која е внесена во игра на натпреварот ЖФК Речица – ЖФК Ас Јунајтед од 19 коло Прва женска фудбалска лига одигран на ден 26.04.2014 во Речица, и при вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Незадоволната страна од оваа Одлука има право на жалба до Комисијата за молби и жалби на Фудбалската Федерација на Македонија во рок од три дена од денот на приемот на оваа Одлука преку оваа Комисија со уплата на такса од 12.000 денари на жиро сметка на Фудбалска Федерација на Македонија **300000001599760** Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ж.Ф.К. "Ас Јунајтед" (Струга )
- Макфудбал
- Архива
- Рочи Илир

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03-19/-1/4**
**Скопје: 05.06.2014**

Врз основа на член 131 од Дициплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по поведената постапка број 03-19-1/1 а по пријава од комисијата за женски фудбал против играчот на ЖФК Ас Јунајтед – Струга Максути Улза со ИД број 112015 на седницата одржана на ден 05.06.2014 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Се запира поведената дисциплинска постапка против играчот на ЖФК Ас Јунајтед од Струга Максути Улза со ИД број 112015 поради немање на докази.**
2 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата и одлуката на Комисијата за женски фудбал на ФФМ бр. 03-19/1 и врз основа на изјавите на службените лица и поведената дисциплинска постапка бр.03-19/1 против ЖФК Ас Јунајтед од Струга – заради неправилен настап на фудбалерка – без фудбалска легитимација која е внесена во игра на натпреварот ЖФК Речица – ЖФК Ас Јунајтед од 19 коло Прва женска фудбалска лига одигран на ден 26.04.2014 во Речица, утврди дека во конкретниот случај се работи за друг играч кој бил внесен во игра без соодветна фудбалска легитимацијаи, при вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Незадоволната страна од оваа Одлука има право на жалба до Комисијата за молби и жалби на Фудбалската Федерација на Македонија во рок од три дена од денот на приемот на оваа Одлука преку оваа Комисија со уплата на такса од 12.000 денари на жиро сметка на Фудбалска Федерација на Македонија **300000001599760** Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ж.Ф.К. "Ас Јунајтед" (Струга )
- Макфудбал
- Архива
- Максути Улза

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03-19/-1/2**
**Скопје: 05.06.2014**

Врз основа на член 61, од Дициплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата и одлуката бр 03-19/1 на комисијата за женски фудбал на ФФМ против ЖФК Ас Јунајтед – Струга на седницата одржана на ден 05.06.2014 година донесе:

## О Д Л У К А

1. **ЖФК Ас Јунјатед – Струга се казнува со одземање на 3 негативни бода.**
2. **ЖФК Ас Јунајтед се казнува со парична казна од 250 евра во денарска противредност.**
3. **Паричната казна клубот е должен да ја плати по правилноста на оваа одлука на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 на комерцијална банка**
4. **Казната тече од 05.06.2014 година.**
5. **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата и одлуката на Комисијата за женски фудбал на ФФМ бр. 03-19/1 и врз основа на изјавите на службените лица и поведената дисциплинска постапка бр.03-19/1 против ЖФК Ас Јунајтед од Струга – заради неправилен настап на фудбалерка – без фудбалска легитимација која е внесена во игра на натпреварот ЖФК Речица – ЖФК Ас Јунајтед од 19 коло Прва женска фудбалска лига одигран на ден 26.04.2014 во Речица, и при вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Незадоволната страна од оваа Одлука има право на жалба до Комисијата за молби и жалби на Фудбалската Федерација на Македонија во рок од три дена од денот на приемот на оваа Одлука преку оваа Комисија со уплата на такса од 12.000 денари на жиро сметка на Фудбалска Федерација на Македонија **300000001599760** Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ж.Ф.К. "Ас Јунајтед" (Струга )
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими

**СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ "МАКФУДБАЛ"**
*е стручно информативен лист на*
*ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*
*излегува секој ПОНЕДЕЛНИК во неделата*

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
*Булевар "АСНОМ" бб*
*ПОШТЕНСКИ ФАХ 84*
*1000 СКОПЈЕ*
*со ознака "ЗА МАКФУДБАЛ"*

*ЖИРО СМЕТКА*
**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
*300000001599760-Комерцијална банка АД Скопје*
*Даночен број: 4030992177382*
*ТЕЛЕФОНИ: 02/3166-943, ТЕЛЕФАКС: 02/3165-448*

**РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА "МАКФУДБАЛ"**